МОБЕС КВАЛИТЕТ

Мобес Квалитет
Ул.16-та Македонска бригада 13б, 1000 Скопје
Тел +389 2 529 77 05
Моб: +389 75 531 077

E-mail: info@mobeskvalitet.mk
biljana@mobeskvalitet.mk
Web: www.mobeskvalitet.mk

# ВОВЕДУВАЊЕ И СЕРТИФИКАЦИЈА НА FSC – CoC – Forest Stewardship Council

Организациите **(печатници, производство на картонска амбалажа, производство на мебел, производи од дрво и слично)** во Македонија кои ги нудат своите производи направени од суровини од шумско потекло на меѓународниот пазар, сè повеќе се соочуваат со барања за FSC®CoC – Сертификатот, како услов за купување на нивните производи. Многу често на различни јавни тендери еден од условите за учество и добивање на работата е поседувањето на FSC®CoC сертификат, што како пракса полека но сигурно се воведува и во Македонија. Често, таквите барања се поставени од страна на потрошувачите и клиентите од прехранбената индустрија, како услов за извоз на нивните производи на пазарите во Европската унија и Велика Британија.

На англиското говорно подрачје ова се нарекува CoC сертификација (CoC certification – Chain of custody – надзорен ланец).

**FSC® (Forest Stewardship Council®)** е независна, непрофитна организација формирана со цел да се промовира одговорното стопанисување со шумите во светот. Една од задачите на Организацијата FSC® е да воспостави стандарди со чија примена ќе се обезбеди промоција на еколошки одговорно, општествено корисно и економски одржливо управување на светските шумски ресурси.

**FSC е највисокото ниво на осигурување на квалитетот** во шумарството, дрвната индустрија и индустријата за хартија, кој во својата структура содржи низа барања од областа на квалитетот, социјалната сфера и екологијата.

Потрошувачите сè повеќе бараат производи кои се произведени во согласност со еколошките и социјалните критериуми. **FSC сертификатот** е гаранција дека дрвото до крајниот корисник доаѓа по строго следен ланец: од сертифицирана шума, преку обработка и производство.

The mark of responsible forestry

Постојат **3 видови на FSC сертификати** односно налепници кои се истакнуваат на производот FSC Pure – чисто дрво, FSC mixed source – мешани извори каде има минимум 50% FSC сертификувано дрво, FSC recycled – рециклирано дрво.

Кога го претставуваат своето **FSC лого,** компаниите докажуваат дека дрвото кое го користат потекнува од шуми кои се одгледувани на одржлив начин и посветува подеднаква грижа за шумското богатство, како и на неговите клиенти.




Со издавањето на FSC CoC сертификатот и истакнувањето на FCS логото на производите, чија основна состојка е дрвото, компанијата кон потрошувачите праќа информација за тоа дека дрвото вградено во производот поминало низ строг надзорен ланец, од сечењето на шумата под надзор на стручни лица, до одговорните во преработката и производството, низ рационално искористување на дрвото.

FSC® CoC сертификатот единствено може да биде издаден од овластена организација која со спроведување на инспекција на организацијата со увид во документите и на ситуацијата на теренот, го одредува степенот на усогласеност со стандардот.

**Доколку постои заинтересираност за повеќе информации и воведување, обука и сертифицирање на FSC®CoC, слободно можете да не контактирате, да закажеме состанок за да Ви ги презентираме нашите искуства и знаења и можност за договорање на соработка.**